**20151925273**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 ноември 2015 година.

Бр. 08-5088/1
2 ноември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Член 1

Во Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15 и 150/15), по член 127 се додава нов член 127-а, кој гласи:

„Член 127-а.

Вршителот на должност директор од членовите 126 и 127 од овој закон не е должен да поседува лиценца за директор.“

Член 2

Во членот 177-а став (1) по зборовите: „установи за деца“ се става запирка и се додаваат зборовите: „лица од член 120-а од овој закон“.

Во став (2) во алинејата 1 по зборовите: „директори на установи за деца“ се додаваат зборовите: „да има диплома или уверение за завршено образование за раководно лице согласно член 120-а од овој закон,“.

Во алинејата 6 сврзникот „и“ на крајот на реченицата се заменува со запирка.

Во алинејата 7 точката на крајот на реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По алинејата 7 се додава нова алинеја 8, која гласи:

„- потврда за посетена обука за директор од најмалку 40 часа на кандидати за стекнување на лиценца за директори на установите за деца“.

Член 3

Во член 177-г во ставот (3) зборот „еднаш“ се заменува со зборот „двапати“.

Во ставот (5) по зборот „одлучува“ се додаваат зборовите: „најмалку 30% од“, а по зборот „отстранети“ се додаваат зборовите: „и заменети со нови“.

Во ставот (8) по зборовите:„од ставот (1) на овој член“ се става запирка и се додаваат зборовите: „за што министерот за труд и социјална политика определува одговорно лице од министерството, кое утврдува дали кандидатот ги исполнува условите за полагање на испитот“.

По ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:

„(9) На одговорното лице од став (8) од овој член за секоја одржана испитна сесија му следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за труд и социјална политика донесува решение.“

Член 4

Во член 177-д ставот (3) се менува и гласи:

„Кандидатите на кои им е одобрено барањето за полагање на испитот и јавноста се информираат за датумот и времето на полагање на испитот, најмалку осум дена пред одржување на испитот преку веб страната на Министерството за труд и социјална политика и Јавниот радиодифузен сервис.“

Ставот (4) се брише.

Ставовите (5) и (6) стануваат ставови (4) и (5).

Член 5

Во член 177-ѓ ставот (2) се брише.

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (2) и (3).

Во ставот (5) кој станува став (4) по зборовите „ на Комисијата“ се додаваат зборовите: „од член 175 од овој закон“

По ставот (4) се додаваат пет нови става (5), (6), (7), (8) и (9), кои гласат:

„(5) На претставниците од став (4) на овој член за секоја одржана испитна сесија им следува паричен надоместок, во износ од една третина од просечната нето плата во Република Македонија, за што Министерството за труд и социјална политика донесува решение.

(6) Овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот за време на спроведување на испитните сесии.

(7) Агенцијата за електронски комуникации (во натамошниот текст: АЕК) врши постојан мониторинг на блокирањето на радио фреквенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот, со цел да се спречи секаков вид на електронска комуникација со околината надвор од просторијата за полагање на испитот.

(8) АЕК во просторијата за полагање на испитот инсталира мерна опрема која обезбедува електронски запис од извршените мерења во траење од 30 дена и истите се складираат во централниот контролен систем на АЕК.

(9) АЕК формира трочлена комисија која изготвува извештај врз основа на електронските записи складирани во централниот контролен систем на АЕК и истиот го доставува до Министерството за труд и социјална политика најдоцна во рок од 15 дена од завршување на испитната сесија.“

Член 6

Во член 177-е во ставот (4) зборовите: „став (5)“ се заменуваат со зборовите: „став (4)“.

Во ставот (7) по зборот „ термин“ се додаваат со зборовите: „и му се изрекува забрана за полагање на испитот за стекнување на лиценца во траење од три години, за што Министерството за труд и социјална политика донесува решение против кое може да се поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.“

Во ставот (9) зборовите: „став (5)“ се заменуваат со зборовите: „став (4)“.

Член 7

Во членот 177-з став (8) зборовите: „ќе се смета дека испитот не го положил“ се заменуваат со зборовите: „ може испитот да го полага уште во една испитна сесија без надоместок.“

По ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:

„(9) Доколку кандидатот не го положил вториот дел од испитот и во втората испитна сесија ќе се смета дека испитот не го положил.“

Член 8

Во членот 177-ј ставовите (7) и (8) се менуваат и гласат:

„ Комисијата од ставот (6) на овој член се состанува по секоја одржана испитна сесија и врши ревизија на спроведување на испитот за што доставува извештај до министерот за труд и социјална политика.

На членовите на комисијата од ставот (6) на овој член им следува паричен надоместок кој на годишно ниво изнесува една просечна нето плата исплатена во Република Македонија за што Министерството за труд и социјална политика донесува решение.“

Член 9

Во членот 178 ставот (2) се менува и гласи:

„Лицата од членот 177-а став (1) од овој закон, можат да се стекнат со соодветна лиценца од ставот (1) на овој член врз основа на уверението за положен стручен испит од член 177-ј став (1) на овој закон, издадено од Комисијата за лиценцирање од членот 175 од овој закон, за успешно помината проверка на примената на стручното знаење. “

Ставовите (3) и (4) се бришат.

Ставот (5) кој станува став (3) се менува и гласи:

„Лиценците од ставот (1) на овој член се издаваат за период од пет години.“

Член 10

Во член 193 став (1) во точката 3) сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка.

По точката 3) се додава нова точка 4) која гласи:

„4) Регистар на детски градинки/центри за ран детски развој како организациони единици и“

Точката 4) станува точка 5).

Во ставот (5) по зборовите: „професионална дејност“ се става запирка и се додаваат зборовите: „како и детските градинки/центри за ран детски развој како организациони единици“, а зборовите: „точки 2 и 3“ се заменуваат со зборовите: „точки 2, 3 и 4“.

Член 11

Во членот 227 став (2) по зборовите: „од предучилишна возраст“ се додаваат зборовите: „( член 13 )“.

Член 12

Во членот 228 став (1) во алинеја 3 зборовите: „став (12)“ се заменуваат со зборовите: „ став (15)“.

Во алинеја 4 зборовите: „став (11) се заменуваат со зборовите: „став (14).“

Во алинеја 11 зборовите: „член 102“ се заменуваат со зборовите: „ членови 102 и 102-а“.

По алинеја 21 се додава нова алинеја 22 која гласи:

„ - не реализира програми од член 168 ставови (11) и (12).“

По ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

„(5) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на директорот на јавната установа за деца ако дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени со годишниот финансиски план на установата (член 124).

(6) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на јавната установа за деца ако не постапи согласно член 174-а ставови (4) и (5).“

Член 13

Во членот 230 став (2) зборовите: „директор во установа за деца, детска градинка/центар за ран детски развој“ се заменуваат со зборовите: „одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) од овој член.“

Член 14

По членот 230-в се додаваат пет нови члена 230-г, 230-д, 230-ѓ, 230-е и 230-ж кои гласат:

„Член 230-г

Глоба од 2.000 до 3.000 евра денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице од членот 177-г став (8) од овој закон кое ќе дозволи да полага кандидат кој не ги исполнува пропишаните услови од овој закон.

Член 230-д

Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на овластеното правно лице кое технички го спрведува испитот од член 177-ѓ став (6) од овој закон доколку не го блокира радио фрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.

Член 230-ѓ

Глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе им се изрече на овластените претставници од членот 177-ѓ став (4) од овој закон, ако дозволат кандидатот да постапи спротивно на член 177-е ставови (2), (3) и (4) од овој закон .

Член 230-е

Глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на кандидатот кој постапува спротивно на член 177-е ставови (2), (3) и (4) од овој закон .

Член 230-ж

Глоба од 2.000 до 3.000 евра денарска противвредност ќе им се изрече на членовите на комисијата од членот 177-ј став (6) од овој закон доколку утврдат неправилности во спроведување на испитот, а тоа не го констатираат во извештајот до министерот за труд и социјална политика.“

Член 15

Во член 231 во ставот (1) зборовите: „и 230-б“ се заменуваат со зборовите: „230-б, 230-в, 230-г, 230-д, 230-ѓ и 230-е“.

Член 16

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за заштита на децата.

Член 17

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.